ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# 9ти ДЕКЕМВРИ

# МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

**По повод Меѓународниот ден на борба против корупцијата, Транспарентност Македонија сака да предупреди дека и во 2008 г., во низа области, продолжи нетранспарентната и неодговорна политика на Владата на Македонија, со низа неправилности и непочитување на пропишаните процедури при трошењето на јавните пари, при што состојбите се загрижувачки особено во следните сфери:**

1. ***Државната администрација и државните органи станаа засолниште исклучиво за партиски војници - бројот на државните службеници незапирливо расте на сметка на даночните обврзници, достигнувајќи големини како од најубавите денови на социјализмот!***

2. ***Никој со точност не знае која е стратегијата на државата во областа на енергетиката! Државната политика во оваа сфера се води крајно нетранспарентно и далеку од очите на стручната и општата јавност!***

3. ***Не постои контролен механизам што на демократски и законски пропишан начин може да утврди како и за што се трошат десетиците милиони евра доделени на полицијата и тајните служби кои, за прв пат во демократска Македонија, имаат буџети поголеми од одбраната и образованието!***

4. ***Владата не се ни труди да демантира дека за сопствена реклама и разни пропагандни потреби троши преку 50 милиони евра годишно!***

5. ***Бројот на функционерите кои не ја пријавиле својата имотна состојба, наместо да се намалува, се зголемува со секое ново функционерско именување! Случаите на еклатантни судири на интереси при именување на функционери или оние при извршување на нивните функции ги надминува просторните можности и на неделникот „Службен весник на РМ“!***

6. ***Државната комисија за спречување на корупцијата е претворена во ефикасен инструмент на Владата за политички пресметки и криење на состојбите во областа што ја покрива!***

7. ***Владата е во толку силна прегратка со газдите на медиумите, што новинарите не можат ни воздух да земат, а јавноста дише на демократски шкрги!***

8. ***За прв пат во историјата на демократска Македонија, Европската комисија директно го прозива македонскиот министер за правда дека политички се меша во независноста на судството!***

9. ***Ниту еден од големите државни тендери, за кои предупредувавме дека се изведуваат на незаконски и политички арбитрарен начин, не ги даде најавуваните резултати!***

10. ***Бидејќи акциите на МВР и на бројните државни инспекции се главните, а најчесто и ЕДИНСТВЕНИТЕ вести во македонското секојдневие, граѓаните, бизнисмените, политичките опоненти, вработените во приватниот и јавниот сектор, невладините активисти и сите кои сакаат да живеат слободно се изложени на постојани полициски и инспекциски застрашувања, контроли и вознемирувања. Стравот и делењето „телевизиска правда“ станаа дневна норма во Македонија!***

**Имајќи го сето погоре искажано предвид, „Транспарентност Македонија“ ја повикува Македонската влада, како и целата демократска јавност во земјата, да не дозволи Република Македонија да се претвори во балкански пример за „замрзната демократија“ во која корупцијата и стравот ќе завладеат со просторот за демократски права и слободи.**

**Транспарентност Македонија**
**"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје Република Македонија**
**тел./факс: 02/ 31 21 100**
**Станете член или волонтер:**

**www.transparentnost-mk.org.mk**

**Поддржано од:**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА